| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 25, 27/2, 40, 41, 46, 47, 57, 70, дел од КП 83, КО Доброшани, КП 646, 647, 648, КО Криви Дол - општина Штип |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштвото за планирање, проектирање и инженеринг "ТЕКТОН" ДООЕЛ – Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | МИЛА ИСКРЕНОВИЌ, диа<br>Овластување бр.0.0086 |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Народен Фронт бр.5/12 – Скопје<br>e-mail: tekton.arh@gmail.com |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1,3099/1 и 3135/1, КО Неготино во општина Неготино се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20) како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).<br>Согласно член 59, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), урбанистичкиот проект е планско-проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел.<br>Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1,3099/1 и 3135/1, КО Неготино, општина Неготино е изготвен врз основа на: Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со Тех. бр. Y64623, јануари 2024 и Решение бр. Арх. бр. УП1-15 100/2024 од 01.02.2024 година од МЖСПП, Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со Тех. бр. Y64723, јануари 2024 и Решение бр. Арх. бр. УП1-15 215/2024 од 14.02.2024 година од МЖСПП и Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со Тех. бр. Y64823, јануари 2024 и Решение бр. Арх. бр. УП1-15 108/2024 од 05.02.2024 година од МЖСПП. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| За предметниот локалитет не постои претходна урбанистичко - планска документација. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – енергетика. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планоvи и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Планираниот објект е еден вид фотоволтаична централа, за производство на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р. Македонија. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на изработката на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни и хидроелектрани и др). Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на | | | |

постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија и топлина, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Географската положба и сообраќајната поставеност на ова локација одат во прилог за оформување на плански опфат за поставка на Фотоволтаична централа - градба за производство на електрична енергија од обновливи извори.

Целта е да се создадат услови за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани - со капацитет доколу 99MW.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2023 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Во правец север и на исток, проектниот опфат граничи со КП 4176, КО Неготино, на запад се граничи со 3038/3 и 4199/1 КО Неготино на југ со 48/2/ 38/2 и 56/2 КО Неготино а додека до планскиот опфат се пристапува од западна страна по некатегоризиран пат 4199/1 КО Неготино (јавен пат) и 4195 (јавен пат) и 4198 КО Неготино (некатегоризиран пат).

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW се наоѓа на дел од 3038/1,3099/1 и 3135/1, КО Неготино, а со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Неготино.

Вкупна површина на плански опфат е 1 354 664 м² и тоа: Плански опфат 1 на дел од КП 3038/1 610 107 м², Плански опфат 2 на дел од КП 3099/1 470 673 м², и Плански опфат 3 на дел од КП 3135/1 273 884 м².

Фотоволтаична централа за производство на електрична енергија со капацитет од 99MW ќе обезбеди одржлив, еколошки извор на обновлива електрична енергија за регионот.



***Користење на земјиштето*** *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на фотонапонска централа може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема

| | |
|---|---|
| треба да се откупи од компанија која ќе ја рециклира, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина единствено може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарје. Му припаѓа на Вар дарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешковардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 км2 и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м. Територијата на општината Неготино, како дел од областа Тиквеш и Повардарје, е под влијание на медитеранската клима, која продира од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која продира од север, преку Велешката Котлина. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење на објект кој користи обновлив извор на енергија. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно** | **Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор природа (бр.11-696/3 од 19.12.2023)** |

| | |
|---|---|
| **наследство** | Врз основа на приложената документација од Ваша страна - Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислењето од страна на Службата на просторен информативен систем (16-696/2 од 26.01.2024), констатирано е дека просторот на горенаведената предметна локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, идентификувани Емералд и Натура 2000 подрачја.<br>**Министерство за култура на РСМ – Управа за заштита на културно наследство (бр.17-3631/2 од 28.12.2023)**<br>Управата за заштита на културното наследство врз основа на доставената и постојна документација констатира дека на подрачјето на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство.<br>**Национална установа - Национален конзерваторски центар - Скопје (бр. 08-78/3 од 26.02.2024)**<br>Реализација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3099/1, КО Неготино - општина Неготино **не преставува предмет на интерес од аспект на заштита на културното наследство.** |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Постојната намената на просторот кој е предмет на овој УП е земјоделско земјиште намена пасишта. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Просторот нема посебни пејсажни вредности и претставува брдовит терен. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, обезбедување стабилност во снабдување на електрична енергија, односно одржливо производство на енергија, отварање нови работни места, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на стакленички гасови, зголемување на енергетската ефикасност.

Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина.**

**(пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**
Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе допринесе и за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Овој план е поврзан со:
- Просторен план на РМ;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од

| | |
|---|---|
| областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Согласно Уредбите за определување на дејности по категории, треба да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијание на проектот врз животната средина, според Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина или Елаборат за заштита на животната средина според Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработуваа елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 80/09 и 36/12) и (Сл. Весник на РСМ бр. 233/22). | |
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Министер<br>Александар Николоски |
| Бр. 67-1438/ 7<br>Датум: 21 .08.2024 година<br>Место: Скопје | М.П. |